# ПРОДОЛЖУВА ИСПЛАТАТА НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА

По успешна реализација на одобрената инвестиција уште еден корисник доби средства од ЕУ фондовите наменети за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 1.394.395,50 денари на корисникот ЗЗ Илинден од Карбинци за набавка на опрема за обновување на постоечки лозови насади.

Од вкупно исплатените средства, 1.045.796,50 денари се средства од буџетот на ЕУ и 348.599,00 денари се средства од буџетот на РМ.